МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

# ПОЛИТИКА ЗА ПРИСТАП ДО ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

## 1.ВОВЕД

Во согласност со Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП) вие имате право да добиете потврда дека Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на елекрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во натамошниот текст: Друштвото) ги обработува вашите лични податоци, и секако, да ви обезбеди пристап до нив за да бидете свесни за обработката на податоците и да можете да ја потврдите законитоста на обработката на податоците. Процедурата за исполнување на ова право се нарекува процедура за пристап до личните податоци и оваа Политика ја утврдува постапката што треба да се предземе кога такво барање е понесено од вас во врска со податоците кои што Друштвото ги обработува за вас.

## 2. ШТО Е ЛИЧЕН ПОДАТОК ?

**Личен податок** е секоја информација што се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува врз основа на идентификатор, како што е на пример, вашето име.
**Посебни категории на лични податоци** вклучуваат имформации кои што се однесуваат на :

- Раса
- Етинчка припадност
- Политичко убедување
- Религија
- Членство во синдикални организации
- Генетски податоци
- Биометриски податоци
- Здравствени податоци
- Сексуален живот или
- Сексуална ориентација.

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница СЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница СПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

## 3. ИНФОРМАЦИИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ДОБИЕТЕ

Кога ќе поднесете барање за пристап до лични податоци , вие ќе бидете информирани:

- Дали вашите податоци се обработуваат и за која причина се обработуваат;
- За категориите на лични податоци што се однесуваат на вас ;
- Дали податоците се добиени од вас или од друго лице ;
- За секој кому му биле откриени или ќе му се бидат откриени вашите лични податоци, вклучително и пренос ба личните податоци во земји на ЕУ, ЕЕП или трети земји, како и заштитните мерки што се користат за да се обезбеди сигурност на податоците ;
- Колку долго се чуваат вашите лични податоци (и/или како тој период е определен) ;
- За вашето право на пријавување злоупотреба на лични податоци до Агенцијата за заштита на лични податоци, доколку сметате дека Вашите права се повредени и
- Причината за автоматско донесување одлуки за вас.

## 4. ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Барањето за пристап до лични податоци мора да биде составено во писмена форма и може да се поднесе во електронска верзија на службениот мејл на Друштвото или во хартиена форма преку архива. Барањето за поднесување пристап до личните податоци можете да го најдете на www.mepso.com.mk или да го побарате од Офицерот за заштита на лични податоци, иако формално, барањето во ваков формат не е услов, но е препорачливо со цел поквалитетно и побрзо овозможување на пристапот до вашите податоци. Вклучувањето специфични детали за податоците што сакате да ги видите преку вашето барање ќе овозможи поефикасен одговор на Друштвото. Доколку во барањето нема доволно информации, можно е да ве контактираме за дополнување на барањето со одредени информации.
Барањето може да се поднесе од вас лично или од трета страна овластена од вас да постапува во ваше име, на пример адвокат. Во овој случај мора да се достави доказ за овласувањето од ваша страна, за да можеме да одговориме на барањето.

## 5. ПО ДОБИВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП

Друштвото, без одолговлекување, ќе одговори на вашето барање, најдоцна во законски предвидениот рок од еден месец, освен во следниве ситуации :

- Кога Друштвото не е во состојба да одговори позитивно на вашето барање при што како причина може да биде одредена правна постапка што се води во моментот или доколку тие податоци се предмет на планирање на менаџментот.Друштвото ќе ве извести дека вашето барање не може да се исполни со конкретни објаснувања за причината;

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница СЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ООМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

- Кога е потребно дополнително време, затоа што барањето е обемно и сложено. Во овој случај, Друштвото ќе ви одговори во законскиот рок и ќе објасни зошто е потребно продолжување на рокот.
- Доколку е потребно продолжување на барањето ќе се одговори најкасно два месеца од денот на приемот на барањето.

Пред доставување на бараните податоци можно е да ве контактираме и да побараме доказ од вас за идентитет. Овој доказ мора да се обезбеди како би се исполнило вашето барање. На барањето ќе се одговори бесплатно. Но можно е да се наплати разумен надомест, ако побарате дополнителни копии од истата информација. Надоместокот што се наплатува ќе се заснова на административните трошоци за обезбедување на бараните информации. Копии од информациите нема да бидат споделени со трети лица на барање на субјектот на личните податоци.

## 6. ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕ

Друштвото може да го одбие вашето барање ако е очигледно неосновано или е прекумерно барање или ако се повторува. Во ваков случај, без непотребно одлагање и најдоцна еден месец од денот на примеот на барањето, ќе биде образложено зошто се одбива барањето. Ќе бидете информирани дека имате право на жалба до АЗЛП во законски предвидените рокови.

**УО бр. 02-2630/2-1**
**04.04.2024 година**

**АД МЕПСО, во државна сопственост Скопје**
**Генерален директор**
**Zuhdi Enuz**